Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *запознавање на околината* за II одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА
ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО
МУЛТИХЕНДИКЕП

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА

II ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2009

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги проширува сознанијата за непосредната околина и да ја сфаќа поврзаноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- да се оспособува за набљудување, опишување, споредување на предметите и појавите и односите меѓу луѓето;
- да разликува жива од нежива природа и да ја открива нивната меѓусебна поврзаност;
- да ги разликува годишните времиња и промените во природата;
- да се оспособува да учествува во донесување и почитување на правилата за заедничковживееење во домот, училиштето и во пошироката средина;
- да се вклучува активно во решавање проблеми и да стекнува самодоверба;
- да умее да распознава, да разбира и да искажува различни емоции;
- да се грижи за своето здравје и за средината во која живее и учи;
- да ги запознава и применува правилата за заштита од повреди и од други опасности;
- да го проширува знаењето за сообраќајните правила и да развива култура на однесување во сообраќајот;
- да развива чувство на припадност кон својата татковина;
- да ја сфати потребата од договарање, помагање и соработка со другите и да развива другарство, толеранција, хуманост и одговорност;
- да запознава обичаи и празници од својата култура и културата на другите заедници во Република Македонија;
- да се ориентира и снаоѓа во просторот и времето;
- да учествува во едноставни истражувања;
- да развива интерес и желба за доаѓање до нови сознанија за околината со користење различни извори за учење и ИКТ.

| ТЕМА: ЈАС СО ДРУГИТЕ (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржина** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да знае да се претстави себеси, што умее, што може, што сака;<br>- да ја јакне самодовербата во своите постапки и способности;<br>- да препознава сличности и разлики меѓу луѓето;<br>- да спознава дека секој има свое мислење/ различно или исто со другите;<br>- да ги спознава карактеристиките кај луѓето во различни периоди од животот;<br>- да ја сфати функцијата на правилата за заедничко живеење;<br>- да учествува во донесувањето на правилата на однесување во училиштето;<br>- да ги применува правилата во училиштето и животот;<br>- да спознава дека секој човек има права и одговорности. | -Што ми се допаѓа кај себе...<br><br>-Ние сме слични и различни<br><br>-Имам свое мислење и го почитувам мислењето на другите<br><br>-Деца и возрасни<br><br>-Правила на заедничко живеење<br><br>-Права и одговорности | - Разлики, сличности<br><br>- Почитување на туѓото мислење<br><br>- Раѓање, детство, младост, старост<br><br>- Правила во одделението<br>- Правила во семејството/домот<br><br>- Права, одговорности | -Учениците меѓу себе се прашуваат и добиваат информации за тоа кој што сака, што умее и што знае.<br><br>Потоа идентификуваат дека по нешто се слични, а по нешто различни.<br><br>- Игри и дискусии на дадена тема за изнесување на своето мислење.<br><br>Разговори за животот на човекот како процес (раѓање, детство, младост, старост).<br><br>Преку фотографии да раскажува за своето семејство (мајка, татко, баба, дедо во различни периоди од животот).<br><br>Разговори за правилата и нивното почитување во некоја игра, донесување правила за однесувањето и други правила што ги познаваат во домот, зградата, населбата, во одделението и во училиштето.<br><br>Запознавање на основните детски права преку активности (работилница за детски права, разговори, игри, цртање и сл.). |

**ТЕМА: ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО (ориентационо 14 часа)**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да знае како е организирано училиштето;<br>- да знае што работат наставниците/ директорот, службите во училиштето;<br>- да ги запознава правилата за однесување во училиштето;<br>- да развива чувство за меѓусебно почитување, помагање, соработка;<br>- да го разбира значењето на зборовите одговорност, праведност; приватност;<br>- да разликува лично и заедничко;<br>- одговорно да се однесува кон своите и заедничките работи во училиштето;<br>- да ги запознава празниците поврзани со верската и државната традиција;<br>- да се поттикнува за учество во прославите. | -Како е организирано училиштето<br><br>-Животот и работата во училиштето<br><br>-Празнување | Раководство, куќен ред училница, канцеларии, библиотека, кујна, тоалет, спортска сала<br><br>Почитување, соработка, одговорност, праведност, приватност<br><br>Ученички прибор<br><br>Празници: Божиќ, Нова година, Бајрам, 8 Септември, Велигден,1 Мај… | -Запознавање на просториите и вработените во училиштето.<br>-Разговори за работата во училиштето, разговор со директорот, училишниот педагог, психологот, дефектологот и со други лица.<br>-Разговор за нивните работни обврски, зошто е важна нивната работа, како соработуваат меѓу себе.<br>-Работилница на тема: Како сакам да биде моето училиште?<br>-Игри на улоги. Работилници за одговорност, праведност, приватност.<br>- Работа во групи. Секоја група добива задачи:<br>- да изработи правила за чување на опремата во училницата за одржување на хигиената во училницата; за полевање на цвеќињата.<br>- Групите водат дневник: Што направивме денес?<br>-Разговори за чувањето на училишниот прибор и ученичкиот прибор, користење, позајмување.<br>-Запознавање со празниците, учество во одбележувањето на значајните државни и верски празници, изработка на календар на празници. |

**ТЕМА: МОЈОТ ДОМ (ориентационо 14 часа)**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ги запознае роднинските врски во потесното и поширокото семејство;<br>- да развие чувство на припадност кон своето семејство;<br>- да знае дека постојат еднакво вредни различни видови на семејно живеење (семејства со еден родител, дом семејство, институција семејство); | -Членовите на моето семејство | Семејство, роднини (вујко, вујна, чичко, стрина, тетин, тетка) | Разгледување на семејни албуми, разговори; цртање на семејно стебло.<br>Посета на семејство, посета на дом за деца без родители.<br>Посета на институции од различен карактер. |
| - да ја знае функцијата на просториите во домот;<br>- да знае и именува дел од мебелот и апаратите во домот и нивното правилно користење; | -Простории во домот | Простории во домот, мебел, телевизор, електричен шпорет, фрижидер, компјутер, радио, ЦД и др. | Изработка на албум на просториите во домот, разговор, именување.<br>Цртање на омилена просторија и предмети во домот. |
| - да воочува и избегнува опасности, да развива чувство на одговорност кон својата безбедност и безбедноста на другите; | -Апарати во домаќинството | | Разгледување на мали куќни апарати во игровните катчиња.<br>Разговор за нивната примена и начините како да ги избегнуваат можните опасности – „водени" истражувачки активности.<br>пано – моите обврски, дома, цртање; примена на ИКТ. |
| - да разликува елементарни непогоди;<br>- да знае како да се заштити, да го научи телефонскиот број на пожарна, полиција;<br>- да се поттикнува на активно учество во одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот; | -Заштита од елементарни непогоди | Пожар, | Работилница: Опасни игри |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги надминува родовите стереотипи за поделбата на обврските во семејството;<br>- да стекнува сознанија за значењето на здравјето;<br>- да се запознае со начинот на одбележувањето на празниците во семејството;<br>- да се поттикнува активно да го користи слободното време. | -Лична хигиена и хигиена во домот<br><br>-Здравје<br><br>-Празници во семејството<br><br>-Слободно време | поплава, земјотрес<br><br>Лична хигиена, одговорности<br><br>Здравје, здрава храна, витамини, спортување, воздух, вода, игра, смеа<br><br>Празник, прослава роденден, именден и др. семејни прослави, подарување<br><br>Слободно време | Симулирање ситуации како да се постапи при елементарни непогоди, повикување на пожарникар и др. активности за заштита.<br>Разговор на тема: Како ја одржувам личната хигиена и хигиената во домот, прибор за лична хигиена и ползата од тоа.<br>Играње на улоги - родово нестереотипна поделба.<br>Примена на адаптирана ИКТ во насока за постигнување на одредените цели.<br>Работилница на тема: Што е здравје?<br>Ја објаснува, демонстрира и илистрира важноста од консумирање на различна храна.<br>Дискусија за прослави на празници во домот и за посетите на роднини и пријатели, играње улоги, цртање.<br>Работилница за правење подароци.<br>Работилница на тема: Како сакам да го користам своето слободно време? |

| ТЕМА: ЈАС СУМ ДЕЛ ОД ПРИРОДАТА (ориентационо 28 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | | | |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да открива и опишува некои карактеристики за живата природа;<br>- да открива и опишува некои карактеристики на неживата природа во неговата околина (вода, песок, камен, метал и др.);<br>- да стекне сознанија дека живите суштества се поврзани со неживата природа;<br>- да стекне сознанија дека во различна околина живеат различни растенија;<br>- да стекне основни сознанија за растенијата и нивното значење за човекот;<br>- да распознава и именува различни зеленчуци и да знае како ги користи човекот;<br>- да распознава и именува различно овошје и да знае зошто се користи;<br>- да разликува и именува зимзелени и листопадни дрвја;<br>- да ги прошири сознанијата за жи- | - Мојата околина- жива и нежива природа<br>- Растенијата во мојот крај<br>- Во зеленчуковата градина<br>- Во овошната градина<br>-Зимзелени и листопадни дрвја<br>- Животни -домашни | - Жива природа, нежива природа,<br>- Растенија<br>- Зеленчук<br>-Овошје<br>-Зимзелени дрвја, листопадни дрвја<br>-Домашни животн<br>-Диви животни | Истражувачки активности со вода, песок, камен. Разговара, набљудува, открива, разликува живи организми во неговата околина.<br>Разговара за живите организми за тоа како се хранат, како живеат и нивната зависност од неживата природа.<br>Користи слики и демонстрација за запознавање со овошјето и зеленчукот.<br>Прошетка, набљудување на цветна градина, поле, ливада, шума и набљудување на различни видови растенија во нивната природна средина, разговор на тема за значењето на растенијата за човекот. Сади и одгледува украсни цветни растенија, во сандачиња, саксии и градина во дворот на училиштето.<br>Истражувачки активности за набљудување на зеленчукова градина, истражување на особините на зеленчукот (големина, форма, боја, вкус, мирис, кој зеленчук се јаде свеж, зготвен). Секој презентира различен вид на зеленчук и може да направат книга за зеленчук, рецепти, постер.<br>Истражувачки активности за набљудување на овошјето во овошната градина (боја, големина, мирис, вкус), истражувачки активности (што ќе се случи: ако плодот се стави во топла-ладна вода, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| вотните;<br>- да ја воочи разликата во начинот на живеење меѓу дивите и домашните животни;<br>- да ги распознава промените во природата според годишните времиња;<br>- да знае како се прилагодуваат човекот, животните, растенијата според годишните времиња.<br>- да се ориентира во времето и правилно да ги користи термините за деноноќие;<br>- да стекне основни сознанија за сетилата;<br>- да научи како да се заштитува од повреди и болести. | и диви животни<br><br>-Промени во природата -годишни времиња<br><br>-Ориентација во времето<br><br>-Моите сетила (око уво, нос, уво, допир)<br><br>-Како се заштитувам од болести | -Годишни времиња,<br>-месеци, календар<br><br>-Ден-ноќ, претпладне-попладне, наутро-навечер,<br><br>-Сетила<br><br>-Болести, повреди | кога ќе се пресече на половина). Секој презентира различен вид на овошје и може да направат книга за овошје, рецепти, постер.<br>Запознавање на блиската околина во различни годишни времиња; согледување на сличности и разлики помеѓу зимзелените и листопадните дрвја, илустрирање.<br>Посета на фарма; гледање филм за животот на животните, разгледување на слики, сликовници, енциклопедии за домашни и диви животни; читање басни, гатанки, правење на албуми, примена на адаптирана ИКТ.<br>Следење на времето во текот на целата година<br>Откривање на позначајните одлики на годишните времиња (есен, зима, пролет, лето)<br>Воочување на промените во природата (сончево, топло, врнежливо, облачно).<br>Водење на календар на времето.<br>Разговор на тема како се облекуваме во различно годишно време.<br>Примена на адаптирана ИКТ.<br>Посета на метеоролошка станица, слушање на временска прогноза<br>Изработка на седмичен календар на времето.<br>Изработка на дневен распоред на активности и објаснување на активностите.<br>Разни истражувачки игри: Што откривам со моите сетила, (допир, мирис, вид, слух, вкус).<br>Разговор на тема: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Како да се заштитиме од повреди?<br>- Како да се заштитиме од заразните болести? (Разговор за опасноста од самостојно земање лекарства).<br>- Моите посети во амбуланта. |

| **ТЕМА: ЈАС ИСТРАЖУВАМ (ориентационо 16 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ги открива и запознава својства-та на различните материјали (хартија, ткаенина, песок, природни материјали),<br>- да препознава материјали со допир (мазно, рапаво);<br>- да ги открива и запознава својства-та на водата;<br>- да развива свест за значењето на водата;<br>- да ги открива и запознава својства-та на воздухот;<br>- да развива свест за значењето на чистиот воздух;<br>- да ги открие изворите на светлина и да знае да се заштити од директна сончева светлина; | -Запознавање со материјалите: хартија, ткаенина, дрво, песок, природни материјали<br>-Вода<br>-Воздух<br>-Светлина | Материјали, хартија, ткаенина, песок, природни материјали<br>Впивање, пливање, тонење, загадена вода, незагадена вода<br>Воздух, дишење, чист воздух, светлина, темнина, сенка | -Истражувачки игри со различни материјали кои можат да се виткаат, обликуваат, прават фигури, оригами, слики, кукли, честитки, комбинираат различни материјали во една целина.<br>- Откривање на својствата на водата (боја, мирис).<br>- Кои предмети впиваат вода? - текстил, камен, дрво, железо, песок и др.<br>- Истражување како се загадува водата.<br>Го објаснува значењето на дрвјата за чистиот воздух.<br>- Истражување: Како се загадува воздухот?<br>Игри со истражувачки карактер: - Истражување на својствата на светлината (извори на светлина), бојата на светлината, пропуштање на светлината низ различни предмети (виножито). Прави сончев часовник.<br>Разгледување на различен употребен материјал, негово комбинирање: правење на честитки, укра- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да развива способност за обликување на различни материјали и нивното комбинирање;<br>- да се запознае со начинот на кој употребената амбалажа или предмет можат да се искористат;<br>- да развива свест за правилно искористување на материјалите. | -Го менувам светот | Употребен материјал, кутии, украсни предмети | си, кукли, играчки , маски.<br>- Изработки на разни предмети од кутии, стари весници, пластични чашки, корпи од јајца, фолија, кутија од тетрапак и др..<br>- Изработки од разни видови на коноп, волница, стари ЦД, филмови, стиропор и др., но притоа да се внимава материјалите што се користат да не се ризични. |

| **ТЕМА: СООБРАЌАЈ (ориентационо 10 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да знае правилно и безбедно да се движи;<br>- да ги почитува сообраќајните знаци во сообраќајот во реална ситуација;<br>- да препознава собраќајни знаци за пешаци;<br>- да препознае крстосница и да знае како се преминува;<br>- да ги продлабочи знаењата за видовите на сообраќајни средства;<br>- да воочува сличности и разлики на различните сообраќајни средства;<br>- да ја сфати важноста на сообраќајната поврзаност на различните де- | - Движење на улица, пат, место за игра во училиштето<br>- Сообраќајни знаци<br>-Пред крстосница | - Улица, пат, место за игра<br>- Пешачки премин, патека за пешаци, тротоар, семафор, сообраќајни знаци,<br>Крстосница | - Симулација на движењата по улицата, патот и местото за игра во училиштен двор, полигон.<br>Работилница на тема: Каде и како смеам да ја преминам улицата?<br>- Ги објаснува и демонстрира основните правила за движење на пешакот по улица.<br>Идентификација на сообраќајни знаци на слики, слајдови, макети, филмови и др.<br>- Цртање, моделирање и изработка на сообраќајни знаци од разни материјали.<br>- Симулирање во училиштен двор, полигон на игри за препознавање и почитување на сообраќајните знаци.<br>- Набљудување на крстосница.<br>- Симулација во училиштен двор, полигон. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| лови од својот крај и пошироко. | -Патуваме | патник,<br>возила. | - Вежби за преминување на крстосница.<br>- да се укаже на ризикот од непримерно однесување додека се движиме по улиците.<br>- Илустрации, цртање, гледање слајдови, слики, примена на адаптира ИКТ и др.<br>- Цртање, боење, моделирање на сообраќајни средства (велосипед, ролери, тротинет). |

| **ТЕМА: МОЕТО МЕСТО (ориентационо 12 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ги прошири знаењата за поважните особености на местото во кое живее (град, село, населба);<br>- да ги препознава и именува позначајните објекти во непосредната околина и да се ориентира според нив;<br>- да препознава и споредува нови и стари градби;<br>- да развива интерес и почит кон традицијата и културното наследство;<br>- да ја запознае културната различност во своето место на живеење;<br>- да развива чувство на припадност кон својата татковина; | - Местото во кое живеам<br>-Непосредна околина<br>- Моето место некогаш и сега | -Град,<br>село,<br>населба<br>-Пошта,<br>амбуланта,<br>полициска станица,<br>фабрика,<br>пазар,<br>трговски центар<br>Културно наследство, | Прошетки, набљудување, разговори за околината.<br>Изработка на албум со фотографии од своето место на живеење, примена на адаптирана ИКТ.<br>Организирани прошетки и разговори во непосредната околина.<br>Посета на објектите и разговор со вработените.<br>Цртање на објекти.<br>Прибирање на податоци за знаменити настани со помош на возрасните.<br>Читање приказни и легенди, слушање народни песни и ора (од својата и другите етнички заедници).<br>Организирани посети и работилници.<br>Разговори, собирање и разгледување на проспекти, разгледници, фотографии.<br>Примена на адаптирана ИКТ, разгледување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознава со позначајните природни убавини. | - Македонија - мојата татковина | Планини, езера, реки | ЦД со содржини од нашата Република. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Развојот на децата со мултихендикеп ги следи законитостите на развојот карактеристични за севкупната популација. Нивните физиолошки, социјални и емоционални потреби се како и на останатите нивни врсници. Спецификите се јавуваат во темпото на развојот, кој најчесто е забавен. Времетраењето и спецификите на секоја од развојните фази е специфична за секое дете.

Карактеристичните „одлики'' на децата со мултихендикеп имаат импликации во повеќе области. Имено, децата со мултихендикеп имаат „сиромашна'' меморија, површно и лабилно внимание, ограничено логичко расудување, дефицитно сознание за себе и окружувањето, мошне ограничено логичко расудување, ограничени способности за дискриминација и исклучително редуцирана способност за имагинација и апстракција.

Детето со мултихендикеп покрај сериозните пречки во психичкиот развој (кои се третираат како примарни) може да има и редукција на слухот и/или видот и симптоми на аутизам.

Неопходно е да се истакне дека повеќето од нив се потполно или делумно зависни од околината (имаат потреба од „надзор'' и „водење").

Во рамките на воспитно-образовниот процес за нив се планира, а и самата реализација се изведува строго индивидуализирано (со респектирање на нивните потреби, динамика на усвојување знаења и вештини и индивидуални специфики).

Кај децата со мултихендикеп треба да се обрне особено внимание на развојот на моторичките способности и ритмиката. Исто така, треба да се стимулира самостојното одржување на личната хигиена, грижата за сопствениот изглед и самостојноста при консумирањето храна.

Децата со мултихендикеп треба да се потикнуваат самостојно да се облекуваат и обуваат. Треба да им се обрне внимание на потенцијалните опасности и начините на правилни реакции доколку се најдат во таква ситуација.

Во сферата на социјалниот развој треба да се поттикнува развојот на говорот, комуникацијата, културното однесување кон соучениците и останатите лица од окружувањето.

За учениците со мултихендикеп треба да се планира и реализира и индивидуален сензомоторен и говорен тренинг. Доколку ученикот со мултихендип има сдреден степен на редукција на слухот при планирањето на воспитно-образовната работа еден од основните принципи треба да е принципот на идивидуализиран пристап (по мерка на секој учсник во најширока смисла на зборот).

Заради успешно одговарање на специфичните индивидуални потреби, како и заради специфичниот стил на учење наставникот треба да планира различни типови наставни часови (часови за обработка на наставните содржини, часови за увежбување, за повторување и часови за проверување на нивото на усвоеност на наставните содржини).

Пред да се започне со усвојување нови содржини важно е да се искористи предзнаењето на учениците како вовед во новите содржини. Треба да им сеовозможи на учениците постапно усвојување на содржините новото градиво би требало да го изложува етапно. При објаснувањето на новите поими треба да планира доволно време и да користи повеќе и соодветни средства и помагала за успешно приближување на новиот поим. Наставникот треба да користи конкретни предмети и/или нивни модели, внимателно избрани слики, цртежи, филмови и сл.

Доколку е потребно наставникот користи дообјаснување на новиот поим. Дополнителните објаснувања треба да бидат концизни и прецизни и не треба да воведува нови поими сé додека претходните не се потполно усвоени.

Наставникот треба да поставува прашања и притоа мора да внимава тие да не бидат правилно избрани. Поставените прашања треба да се куси, јасни, прецизни, да не бидат двосмислени и/или збунувачки и да не содржат зборови непознати за ученикот. Прашањата треба да се артикулираат јасно, доволно гласно, да бидат изговорени со поспоро темпо. Доколку ученикот не го разбира прашањето тоа треба да се преформулира и/ил да се постават дополнителни прпрашања. Најважните поими и куси белешки наставникот треба да ги запише на таблата или и/или на индивидуална плоча, картон или соодветно парче хартија.

Процесот (етапата) на увежбувањето на наставните содржини треба претходно добро да се испланира. Треба да се обезбеди доволно време за реализација на планираните активности. Во етапата на увежбување треба да се поттикнува и да се промовира самостојноста на ученикот во процесот на усвојувањето на функционалните цели на наставата. Преку организирани наменски вежби треба да се усовршуваат стекнатите вештини, да се формираат и да се автоматизираат одредени навики. Оваа наставна етапа им нуди можности на наставникот и на ученикот да ги согледаат успешноста, постигнатите резултати и детектираните слабости од претходната етапа. Во рамките на овој процес наставникот може да

дава упатства за коригирање на грешките, да  го упатува ученикот на правилниот начин на работа, за да може стекнатите знаења, вештини и навики да ги применува во наставата и во секојдневното живеење.

Заради обезбедување континуиран говорен развој и подигање на остатоците на слухот на ниво на оптимална функционална употребливост ученикот треба, покрај на часовите,  да реализира индивидуален третман со аудиорехабилитатор.

По увежбувањето на наставните содржини треба да се организира нивно повторување. Оваа етапа во наставата често не наоѓа вистинско место во наставниот процес затоа што при повторувањето и поврзувањето на познатите содржини тешко е да се избегне монотонијата (која дестимулативно делува на активноста на учениците и наставниците). Заради тоа повторувањето треба внимателно да се осмисли за да биде динамично, разновидно и интересно.

Кај репродуктивното повторување особено кај учениците со мултихендикеп треба да се обезбеди подолго време за повторување на часовите, на аудитивниот тренинг, како и задавање задачи за повторување дома.

Кај репродуктивното повторување во наставните содржини треба дасе внесуваат одредени смислени промени. Тоа е занимливо за учениците затоа што со промените се избегнува монотонијата, а е поефикасно за ученикот затоа што придонесува за попотполно остварување на функционалните цели на наставата. Токму тие промени создаваат дополнителни напори и проблеми за овие ученици. Тоа е етапа во усвојување на знаењата кога се оперира со факти, кога се работи за генерализации, за апстракции и за разбирање на поставените задачи. Тоа од учениците бара нивно активно творечко решавање, прикажување на постигнатите резултати, а за сето тоа е потребен развиен говор и добри аудитивни способности (компетенции кои овие ученици или не ги поседуваат или не се на задоволително ниво).

Бидејќи развојот на говорот и слушањето е перманентен и долг процес ним им е потребна помош и зголемен обем на работа во оваа наставна етапа. За да можат учениците да ги развиваат творечките способности треба да ги разбираат наставните содржини. Заради тешкотиите во разбирањето на многу изрази, факти, апстракции и генерализации треба да се организираат говорни и слушни вежби. Во случаите со слаби говорни способности тешко може да се постигне учениците самостојно да изнесуваат преструктуирани содржини. Заради тоа учениците во фронталниот начин на работа тешко можат да ги изразат сопствените вистински и (потенцијални) интелектуални творечки способности како што се досетливоста, проникливоста, оригиналноста и неконвенционалноста.

При усното проверување на нивото на постигањата наставникот треба да поставува прилагодени, соодветни, разбирливи прашања-задачи , по потреба да поставува дополнителни прашања, особено кога сака да ги провери способностите на мислењето на ученикот и евентуално формализмот во неговото знаење.

Во таквиот начин на проверување субјективниот фактор - наставникот може да има голема улога и во постигањето на адекватниот однос кон ученикот и во создавањето на пријатна клима (со стрпливост и разбирање), како и при вреднувањето на нивото на постигањата на ученикот.

Писменото проверување овозможува проверка на познавањето на содржината, способноста за мислење и писменото изразување. За да биде сигурен дека ученикот правилно го разбира усниот налог, истиот го запишува на училишната табла, наставното ливче и сл.

Со градбата на говорот кај децата со милтихендикеп кај кои постои и редукција на слухот треба да се започне што е можно порано.

При реализирањето на воспитно-образовниот процес со децата со мултихендикеп и оштетен слух треба да се оперира со богато илустриран материјал. Добро избраната слика, цртеж, илустрација кај детето може да го „обезбеди'' она што сакаме детето интелектуално да го сфати, логички да го обработи и притоа да сака да се изрази употребувајќи говор.

Заради збогатување и коригирање на говорот правиме големи картони со џебови во кои има повеќе напишани одговори за одредено прашање. Треба да се стимулира секое дете самостојно да ги користи овие начини на работа.

Препорачливо е секое дете со мултихендикеп и оштетен слух да има сопствен речник во кој ќе го запише новиот збор кој го научило (секако новиот поим неопходно е да биде илустриран со соодветен цртеж, слика или фотографија).

Постапката за формирање на математичките поими се спроведува во процесот на целокупната настава во текот на претчитањето и читањето, цртањето, моделирањето, физичкото и здравственото воспитување, како и низ структуираните игри, а не само на класичните часови по математика.

Прво се почнува со броење предмети од окружувањето, броење сукцесивни појави, броење колку пати се фрла топка во височина. Формирање множества - лепи цветови на веќе залепен цвет на фланелофраф или магнетна плоча.

Специфични помагала кои се применуваат за развој на слушањето: индивидуални и групни слушни апарати, помагала за перцепција на гласот и говорот, апарати за тактилна перцепција (вибратоти, тактилни кутии, апарати за визуелна перцепција, индикатор на интензитетот („видлив говор''), помагала за формирање на гласот и говорот (артукулациони огледала, артикулациони сонди, шпатули, гарфички помагала (фонетика на слики, цртежи на сагитален пресек на главата, цртежи на палитограми и др), модели (модел на ларинксот, модел на глава која зборува-учител на говорот, апарати за развој на дишењето и зголемување на виталниот капацитет).

Развојот на децата со мултихендикеп и оштетен вид се одвива според истите законитости на развојот како и кај децата што гледаат, но постојат разлики и варијации кои се однесуваат, главно, на брзината и темпото на нивниот развој. Темпото на стекнување одредени вештини и способности кај нив е побавен, а варирањето во брзината на развојот е поголемо отколку кај децата кои гледаат.

Во развојот на слепите деца може да се истакнат три особености.

Првата специфичност се базира на забележителниот забавен развој на моториката како резултат на недоволната активност, пасивноста, неправилното воспитување и стравот од можни повреди. Овие причини предизвикуваат и забавеност во сознајната сфера. Повеќето надворешни впечатоци слепите деца ги добиваат преку допирот што, пак, доведува до стекнување ограничен обем на примени впечатоци за објективната стварност, го ограничува полето на дејствување, го намалува бројот на дразбите и тоа станува нивна специфичност.

Втората специфичност во развојот е дека периодите на развојот на слепите деца не се совпаѓаат со периодите на развој на децата кои гледаат. До несовпаѓање во развојот на едните и другите доаѓа поради тоа што на слепите деца им претстои пронаоѓање на свои начини за запознавање со предметите кои ги окружуваат, што не е случај со децата кои гледаат. Се додека слепото дете не изгради начин на компензација на слепилото, начинот на запознавање на реалните предмети во ограничена основа, добиените претстави од надворешниот свет ќе бидат непотполни, фрагментарни и детето ќе се развива забавено. Затоа пред наставниците-дефектолози се поставува задачата да им помогнат на слепите децата во пронаоѓањето на начините на перципирање на предметите по пат на сетилото за допир, сетилото за слух и да ги оспособуваат да ги проценуваат надворешните впечатоци кои ги примаат.

Третата специфичност е диспропорционалноста која се манифестира во тоа што функциите кои се помалку оштетени (говорот, мислењето итн.) се развиваат побрзо, иако на посебен начин, додека другите функции се развиваат побавно (моториката, совладувањето на просторот и др.). Диспропорционалноста е предизвикана со недоволните перцепции и отсуството на компензаторните можности.

Внатрешниот свет на слепото дете со мултихенсдикеп се формира врз основа на впечатоците добиени преку преостанатите сочувани анализатори, од кои најважна е раката. Но, самиот процес на перципирање по пат на сетилото за допир во потполност поинаку се формира од процесот на визуелната перцепција. Овој процес се одликува со забавеност во перципирањето. Важно е да се води сметка за тоа дека детето многу впечатоци прима преку останатите сетила и иако тие адекватно ги одразуваат својствата на перципираните предмети, карактерот на тие претстави е поинаков. За да му овозможите на слепото дете (детето со мултихендикеп) некои предмети да станат негова сопственост неопходно е (по исклучувањето на аудитивните претстави) тоа да дојде во контакт со тие предмети. Тоа особено се однесува на впечатоците добиени по пат на сетилото за допир (по тактилен пат).

Знаењата за предметите кај слепите деца се повеќе шематски, често не ги содржат нивните битни, карактеристични особини. Децата ги издвојуваат споредните особини, точни само во одредена ситуација и затоа при препознавањето на реалните предмети од окружувањето тие прават грешки. Грешките се поврзани и со тоа што формирајќи ја сликата за

предметите според ограничен број обележја, слепите деца воопштуваат без доволна анализа на другите особини на предметите. Предметите со кои слепите деца се запознале, но со кои практично не работеле, тешко ги препознаваат.

Слепите деца ги осознават предметите дел по дел, односно прво со анализа, а потоа со синтеза. Исклучок е осознавањето на ситни мали предмети кои можат да се опипаат наеднаш. На слепите деца за осознавање на предметите на таков начин им е потребно повеќе време. Покрај тоа неопходно е детално и на ним достапен начин, да им се даде дополнително усно објаснување, упатства и податоци кои се однесуваат на предметите.

Воопшто во работата со учениците (слепи и слабовидни) е потребно постојано усно обраќање, објаснување, разговор и проверка на разбраното по пат на прашања.

Кај слепите деца најмногу се развива слухот. Воочувањето на звукот, споредувањето на звуците и воспоставување на точен однос на звуците со предметите, ни кажува за вештината не само да се слушаат звуците, туку и да се сфатат и да се проценат. Тоа ги потврдува големите можности на користењето на слухот во сфаќањето на реалните предмети.

Во воспитно-образовната работа со слепите деца се наметнува потребата од синхронизирано, складно користење на слухот, тактилното сетило, сетилата за мирис и вкус заради неопходната потреба од дефинирање на предметитете, а, исто така, за потребата претставите да добијат полисензорен карактер. Заради тоа за нормален развој на мислењето на слепите деца наставниците-дефектолози треба да овозможат на секој ограничен број на облици при тактилната или слушната перцепција да дадат осмислување на секое обележје и логичко припаѓање на објектот. Притоа треба да се има предвид дека важен предуслов за развој на мислењето е збогатувањето на сензорното искуство кое е условено од искуството.

Движењето на слепите и слабовидните деца е ограничено уште од самото раѓање, од моментот кога ќе почнат да се движат. Овие деца, главно, се задржуваат во потесен простор и мируваат. Некои нивни движења се многу сиромашни, делуваат нескладно делумно и поради неможноста да ги имитираат движењата на останатите од окружувањето. Заради тоа им е потребна помош во совладувањето на движењето и тоа организирано, смислено и плански (во секојдневното оспособување за сигурно и самостојно движење и снаоѓање во просторот).

Овие содржини од перипатологијата ги реализира исклучиво дефектолог-наставник (тифлопедагог). Снаоѓањето и движењето се принципи кои мора да бидат присутни (применувани) во сите училишни активности.

Од техничките и наставните помагала особено важно е да се обезбедат: прашка табла и шило за пишување, машина за пишување со Брајово писмо, математички апарат за слепи, прибор за релјефно тактилно цртање и геометрија, касетофон за читање звучни книги, географска релјефна карта за слепи, прибор за подготовка за читање и пишување со Брајовото писмо, модел на Брајова шестоточка, Брајова букварка, метар за слепи, бел стап, хартија за пишување со Брајово писмо, пластелин, глинамол и други апликативни материјали.

Меѓу принципите за работа со слепите ученици посебно важен е принципот за тактилно перципирање што подразбира учење по пат на непосредно тактилно перципирање, потоа принципите на индивидуализација и на свесна активност, што подразбира максимална ангажираност на слепото дете во поимањето на конкретниот материјал и тоа со сите преостанати сетила, вклучувајќи ги преостанатиот вид доколку го има, слухот, мирисот, вкусот и кинестетичките осети. Исто така, наставникот-дефектолог треба да обезбеди за секоја наставна содржина адекватни наставни средства за перципирање во услови на слепило (природни предмети, модели, макети, релјефни цртежи, релјефни слики, Брајови текстови, звучни книги). Наставните средства не смеат да бидат пренатрупани со поединости (детали), со соодветна големина за да бидат достапни за тактилно перципирање. Овие наставни средства треба да служат како извор на знаење па затоа треба да ги содржат сите битни карактеристики на реалните предмети.

Слабовидните деца без оглед на степенот на оштетувањето на видот, во сите активности го користат преостанатиот вид. Заради редуцираното визуелно перципирање и недоволното искуство, кај слабовидните деца перцепциите, претставите и поимите се непотполни, недоволно јасни и често неадекватни. Така на пример, кај намалената видна острина отежнато е перципирањето на јасната слика на предметите, нивните контури и детали, кај стеснетото видно поле побавно и потешко се согледува предметот како целина итн. Но, и покрај тешкотиите, осознавањето на објективната стварност кај слабовидните деца се одвива претежно по визуелен пат со користење на аудитивните и тактилните потенцијали соодветно на степенот на оштетувањето на видот. Кај слабовидните деца развојот на психичките функции не заостанува зад развојот на децата со нормален вид. Говорот кај овие деца треба да се усовршува со што е можно повеќе конкретни претстави и поими, а голема улога притоа имаат наставните средства и материјали.

Слабовидните деца се служат со видно писмо, прилагодени учебници со зголемени букви и адаптирани слики и друг наставен материјал. Освен тоа потребно е да се обезбеди соодветно светло во училницата. Треба да се внимава дневната светлина да не блеска со што ќе се избегне непотребен замор на очите.

Клупата на слабовидното дете е пожелно да биде дополнително осветлена од стандардната јачина (од 500 до 700 лукса) индивидуално, во зависност од степенот на слабовидност на ученикот, а на јачината на светлината може да се влијае и со соодветна боја на ѕидовите во училницата.

Услови кои треба да се обезбедат во работата со слабовидните ученици се: клупа за слабовидни ученици чијашто површина може да се менува според потребите до 80 степени; учебниците и текстовите треба да се со зголемени букви; цртежите, сликите и останатиот прибор не смеат да содржат многу детали; при перципирањето на наставниот материјал потребно е слабовидните ученици да користат: оптички помагала, како на пример лупи, очила и др.; тетратките треба да бидат со дебели и пошироки линии; треба да се користат фломастери и моливи кои оставаат дебела трага; не се препорачува долготрајно набљудување; потребно е почесто менување на активностите и др..

Децата со мултихендикеп „ аспектирани" со симптоми на аутизам манифестираат доцнења во развојот на говорот и јазикот. Кај нив поголеми се предизвиците на полето на социјалната комуникација и интеракција. Тие, исто така, може да имаат проблеми за започнувањето и/или спонтаното одвивање на конверзацијата. Многу често децата со аутизам обраќањето на соговорникот го разбираат како тој да им се обраќа на другите, а не токму нему/нејзе.

Тие може да реагираат и/или да одговорат на одредени информации и налози на многу невообичаени, несоодветни специфични и уникатни начини. Карактеристично за некои од нив е дека без особено видлива причина во одредени ситуации реагираат агресивно и автоагресиво што може да резултира со сериозни самоповредувања.

Карактеристика за нив е тоа што тие често инсистираат на едноличност, монотоност и стереотипност во однесувањето и окружувањето. Многу често пружаат отпор на воведувањето на евентуални промени од каква било природа. Децата се соочуваат со тешкотии во искажувањето на сопствените потреби, желби, намери и сл.
Специфика на нивното однесување, исто така, претставува постојаното повторување одредени зборови и фрази (ехолалија), како и повторувањето одредени стереотипни движења (ехопраксија).

Тие претпочитаат да бидат сами, но и кога во нивното окружување има други лица се однесуваат резервирано (повлечено). Кај нив се јавуваат сериозни проблеми кога треба да се дружат со други лица (иако се присутни во иста просторија со нив тие се однесуваат како да не ги забележуваат, како да се сосем сами во просторијата). Манифестацијата на лошо расположение, настапите на лутина и на гнев без видливи причини се, исто така, карактеристики на децата со аутизам.

Тие многу малку или, пак, воопшто не воспоставуваат контакт со очите со соговорникот или останатите присутни во окружувањето.

Многу често принесуваат одредени предмети и играчки близу до очите и истите постојано ги вртат во рацете. Голем број од децата опсесивно се врзуваат со одреден премет (тој е постојано во нивните раце).

Многу специфично се однесуваат и кон манифестирањето на болката. Така тие манифестираат видлива хипер или хипосензитивност на болка без видливи причини за таков вид реакција. Тие немаат (или барем видливо не манифестираат) чувство за опасности дури и во моменти кога им претстои сериозна опасност.

Кога говориме за вниманието велиме дека нивното внимание е лабилно и краткотрајно што, секако, претставува сериозен проблем кој го отежнува воспоставувањето на контактите.

Децата со мултихендикеп и симптоми на аутизам најчесто се насочени кон сопствените потреби. Тие се обидуваат на себе својствен начин да ги реализираат нив, притоа користејќи невербална комуникација.

Тие имаат големи тешкотии со различните интеракции (давање и земање во најшироката смисла на зборот, како стил и форма на комуникација со останатите). Природата на проблемите и тешкотиите се забележува и во интерактивните игри со врсниците и воопшто во односите со останатите од окружувањето. При обидите за воспоставување каков било вид

комуникација тие не реагираат воопшто или реагираат несоодветно на определената ситуација. Тие, исто така, ставени во таква ситуација делуваат како да не го разбираат соговорникот или како да не ги препознаваат изразите на лицето на соговорникот. Крактеристично за нив е дека се „вклучуваат во светот" само во ситуациите кога нешто им е потребно. Неопходно е да се истакне дека треба да се искористи секој таков момент затоа што во таквите моменти тие го забележуваат соговорникот со што се отвора можноста да се отпочне со комуникација.

Тие манифестираат огромен распон на вниманието за повеќето видови активности. Може истовремено да бидат заинтригирани со повеќе видови различни активности, но, исто така, може да поминат долг временски период фокусирани (фиксирани) на само една многу едноставна активност.

Се случува спонтано или доколку се поттикнати да се вклучат во активна игра со други деца, но не во паралелна и/или интерактивна игра (физички се присутни меѓу врсниците, но не учествуваат активно, не воспоставуваат комуникација).

Кај овие деца се јавуваат големи тешкотии при извршувањето на одредени активности. Кај нив случуваат епизоди на плачење и/или смеење без за тоа да постојат видливи причини.

Нивниот говор е сиромашен, монотон и често звучи како ехо (одек). Доколку одговорат на поставено прашање тоа го прават на специфичен начин.

Голем број од нив реагираат сосема несоодветно и хиперсензитивно (пр., на звуци од околината со нормална јачина реагираат панично и болно).

Карактеристично за нив е тоа што не прифаќаат и несоодветно „одговараат" на одредени стандардни методи на учење и поучување.

Детето со мултихендикеп и симптоми на аутизам најдобро напредува во „педагошки амбиент" кој е добро структуиран согласно неговите потреби. Покрај амбиентот кој е соодветно структуиран треба да му се понудат соодветни индивидуализирани програми со јасно дефинирани цели кои може да се модифицираат во зависност од неговите потреби и способности.

Важен предуслов за успешно вклучување во воспитно-образовниот процес е навременото вклучување во процесите на раната интервенција кои ќе го овозможат унапредувањето на нивните социјални, сознајни и говорни способности. Исто така, од големо значење е вклучувањето на овие деца во предучилишните установи.

Заради хетерогеноста на причините и манифестациите за овие деца не постои пристап или систем кој би бил универзално ефикасен и добар за сите.

При изработката на индивидуалниот образовен план наставникот (во соработка со родителите) треба да се концентрира на оние области во кои врз основа на комплексната процена детето успешно ќе ги реализира поставените цели.

Наставникот не треба да инсистира ученикот да реализира активности во области кои се потешко совладливи за него затоа што тоа може да доведе до фрустрации и да предизвикува несакани и непримерени однесувања и манифестации.

Акцентот при планирањето треба да биде на адекватното образование за секој ученик при што ќе се обезбеди оптимално развивање на вештините во сферата на социјалната партиципација и интеракција. Една од главните цели на наставникот треба да биде успешно вклучување и подобро прифаќање на секој ученик од околината што е од пресудно значење за нив.

Важни предуслови за успешно вклучување на децата со мултихендикеп и симптоми на аутизам во воспитно-образовниот процес се: да им се обезбеди чувство на сигурност; чувство на доверба во наставникот; востановена шема на дневните активности; временска и просторна предвидливост и информираност за текот на планираните дневни активности; соодветни и едноставни вербални, акустички и визуелни информации; да се практикува активно воспоставување на комуникацијата со различни субјекти (со различна динамика и квалитет); да се обезбеди задачите (налозите) и нивната реализација да бидат планирани како куси, сукцесивни и едноставни чекори.

*Насоки за меѓупредметно поврзување*

- *Наставните содржини на предметот запознавање на околината даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, ликовно, музичко и физичко образование.*
- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови*

Поставените цели во наставните теми даваат можност за самостојно планирање и реализација на содржините, во согласност на потребите на учениците и почитување на принципот на актуелизација во наставата. Се користат актуелните настани и ситуации во одделението и се поврзуваат со искуството на учениците кое настанува надвор од училиштето. Колку што е можно, учениците треба околината да ја запознаваат непосредно. При набљудувањето се упатуваат да ги употребуваат сите можни сетила.

Во наставната програма дадени се цели кои се постигнуваат преку активностите на учениците. Активностите понекогаш опфаќаат повеќе цели и цели од различни содржини. Така една цел можеме да ја постигнеме преку различни активности. Примерите на активности се предлози, а наставникот може за постигнување на целите да избере и други соодветни активности.

- *Наставни средства:*
  - непосредната околина – предмети и појави во природата, како и појави во општеството и односите меѓу луѓето;
  - дидактички средства и материјали;
  - истражувачки катчиња;
  - куклен театар;
  - визуелни средства (слики, апликации, фолии, паноа, огласни табли, модели, макети);
  - сликовници, енциклопедии, списанија и сл.;
  - Интернет, образовни софтвери;
  - аудио-визуелни средства (графоскоп, дигиталн фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД-плеер, видео-плеер, компјутер, ЛЦД проектор и други средства).

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување).

Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето, врз основа на претходните знаења и искуства на ученикот, ученичката - дијагностичко оценување.

Начини на проверување и оценување:

- описно оценување:
  - опсервација на ученикот;
  - разговор како начин на изразување;
  - мотивација, интереси, активности, соработка, почитување на другите;
  - водење на развојно и аналитичко портфолио за секој ученик;
  - користење на евидентни и чек листи, анегдотски белешки, студии на случај;
  - детски изработки поединечни, групни.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за II одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет-Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *запознавање на околината* за второ одделение на деветгодишното основно образование за учениците со мултихендикеп ја донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-2009/6
27.07 2009 год.
СКОПЈЕ

---------------------------------

Никола Тодоров,
министер за образование и наука

Скопје, ____________________